Уп. Бр.08-108/2023

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Бореалис АГ со регистирано седиште на Трабенштрасе 6-8, 1020 Виена, Австрија, доставено преку Божидар Милошевиќ, адвокат од Скопје, на седницата одржана на ден 06.09.2023 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата со која Бореалис АГ со регистирано седиште на Трабенштрасе 6-8, 1020 Виена, Австрија ќе стекне самостојна контрола над друштвото Риалти С.п.А со регистирирано седиште на Виа Варезе бр. 133 – 21020, Таино (ВА), Италија, по пат на купопродажба на удели, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**
Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на 18.07.2023 година, а дополнето на 07.08.2023, 08.08.2023 и на 11.08.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од Бореалис АГ со регистирано седиште на Трабенштрасе 6-8, 1020 Виена, Австрија со која Бореалис АГ ќе стекне самостојна контрола над друштвото Риалти С.п.А со регистирирано седиште на Виа Варезе бр. 133 – 21020, Таино (ВА), Италија, по пат на купопродажба на удели.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истите го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**Борелис АГ** е под контрола на ОМВ, кое директно и индиректно (преку неговите зависни друштва ОМВ Даунстрим ГМБХ и ОМВ Бореалис Холдинг ГмбХ) поседува 75% од акциите во Бореалис АГ. ОМВ Групацијата е меѓународно интегрирана групација активна на светско ниво во нафта, гас и хемикалии во следните три деловни сегменти:

- Енергетика – експлоатација, развој, производство и продажба на нафта и гас, вклучително и преку сопствена гасоводна мрежа и капацитети за складирање на гас во Австрија;
- Горива & суровини – рефинирани преку фабриките кои се наоѓаат во Австрија, Германија и Романија кои произведуваат и продаваат течен природен гас, керозин, нафта, гас, дизел, лесно нафтено гориво, сулфур и калциниран кокс.
- Хемикалии & материјали – во овој деловен сегмент, во рамките на ОМВ Групацијата, само Бореалис и неговите зависни друштва се активни.

ОМВ нема зависни друштва или подружници во Северна Македонија, но има остварено приходи од продажба на полиефини, односно полипропелини полиетинилин.

**Риалти С.п.А**- акционерско друштво под конечна контрола на физичко лице, кое е специјализирано во производство на одржливи полипропилен соединенија (т.н. „ПП соединенија") со фокус на механички рециклиран полипропиленски (ПП) суровини од индустриски и потрошувачки отпадоци. Со повеќе од триесет години искуство, Риалти го користи својот капацитет од 50.000 тони за произведување на ПП соединенија за инјективно вбризгување и екструзија со примена во различни индустрии, вклучувајќи ја автомобилската индустрија, мебел, куќни апарати, градежништво и козметика.
Риалти нема било активно во Северна Македонија во 2022 година.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. д-р Владимир Наумовски**